Здружение на финансиски работници
на локалните самоуправи и јавните претпријатија
Association of finance officers
of the local governments and public enterprises

Број: 0302-206
09.09.2025 година
Велес

До
Сектор/одделение за Финансии / Локални даноци и такси / Ревизија

**Предмет: Покана за работилница**

Почитувани,

Продолжувајќи ја повеќе од дведецениската практика на организирање работилници од областа на локалните даноци и такси, како и следејќи ги актуелните и потребните активности кои треба да се спроведат во областа на локалните даноци и такси со цел обезбедување стабилно финансирање од сопствените извори на финансирање на единиците на локалната самоуправа, Здружението на финансиски работници на локалната самоуправа и јавните претпријатија со задоволство Ве поканува на работилницата на тема:

**„Предизвици и решенија при финансирањето на локалната самоуправа: Даночен календар, наплата и присилна наплата на локалните даноци и такси, регулирање на наследството“**

која ќе се одржи во хотел „Белви“ – Скопје на 18 Септември 2025 година, со почеток во 9:30 часот, според приложената агенда.

Темите за работилницата се внимателно избрани и тие ги рефлектираат потребите и барањата за меѓусебно континуирано информирање. Работилницата е дизајнирана како интерактивен настан за размена на информации, добри практики, добивање насоки за постапување и одговори на повеќе отворени прашања, меѓу кои и:

1. Финансирањето на локалните самоуправи
   - Даночен календар за данок на имот и комунални такси
2. Присилна наплата на данок на имот
   - Рокови за плаќање на данок на имот
   - Постапки за наплата на данок на имот
3. Закон за наследување
   - Наследување - најважни точки за локалните самоуправи

Во рамките на работилницата ќе бидат презентирани практични примери од постапување на одредени единици на локалната самоуправа при реализацијата на темите и областите наведени во агендата.

Учесниците на работилницата ќе имаат можност да поставуваат прашања, да добиваат одговори и насокои за постапување.

Обезбедените квалитетни експерти - практичари, **м-р Драган Каров**, вработен во Општина Штип и **дипл. екон. Ирена Станковска**, вработена во Општина Прилеп, со своето долгогодишно искуство во областа на администрирањето на локалните даноци и такси, како и утврдените области кои се предмет на елаборирање / дискусија на работилницата и долгогодишната соработка со вас, претставуваат добра основа и мотивираност за ваше присуство.

Котизацијата за учество е задолжителна за сите пријавени за учество на работилницата и изнесува: само **6.825,00 денари (со ДДВ)** по учесник со вклучени работни материјали, кафе пауза и ручек. За повеќе од две лица – учесници на работилницата, од иста институција, одобруваме попуст од 10% на вкупната сума за сите учесници.

Котизацијата за учество на работилницата можете да ја уплатите на:
**Здружение на финансиските работници на локалната самоуправа и јавните претпријатија**
**Сметка 300270000017628 - Комерцијална Банка АД Скопје**
**Сметка 200000026137030 - Стопанска Банка АД Скопје**
**Даночен број МК 4004997107233**

**Учесниците на работилницата ќе добијат сертификат за учество на работилницата.**

Поради очекуваниот голем интерес за работилницата, а во функција на нејзино добро организирање, Ве молиме **најдоцна до 16.09.2025 година да го пријавите Вашето присуство** во **Здружението на финансиските работници**. Вашите пополнети пријави за учество на работилницата ги очекуваме на емаил: zfrlsjpv@gmail.com kontakt_zfr@yahoo.com и Формуларот Пријавите за учество на работилницата и агендата се поставени на нашата веб страна https://zfr.org.mk/

За сите дополнителни информации обратете се во канцеларијата на Здружението на финансиски работници, на тел. 043/230-623, моб. 071/335-930, 076/265-136 или преку погоре наведените емаил адреси.

Ве очекуваме да ни се придружите и заеднички да ги разрешиме сите отворени прашања и дилеми поврзани со темите од работилницата.

Со почит,

**Извршен директор,**
**м-р Зоран Јанкуловски**